


Од 17 до 21 април 2013 година во Центарот за култура – Битола, во организација на Агенцијата за мода, култура и уметност „Метрополис", ќе се одржи шестата „Модна недела - Битола 2013", во соработка со Центарот за култура - Битола.

Фестивалот се отвора со ,,Изложба на фустани и модни додатоци изработени од хартија", инспирирани од романската култура. Фустаните и модните додатоци се изработени од студенти на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев" од Штип, под менторство на Катерина Деспот, Маја Кикириткова, Сања Спасова и Ванѓа Димитриева. Честа да ја отвори „Модната недела" прв пат ќе ја има искусниот Никола Петровски (Битола) со својата најнова „Црвена линија" на 18 април (четврток). Потоа следува настапот на брендот „Дизајн С"(Штип), кој ќе претстави две колекции: ,,Диферент" и со етноколекција. Денот завршува со настапот на Стефанија Насеска (Прилеп), која ги прави своите први дизајнерски чекори.